**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ДРУГИТЕ ЗАЕДНИЦИ
# за I година

## Гимназиско образование

**Скопје, 2025 година**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Македонски јазик за учениците од другите заедници*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Година на изучување** | I (прва) |
| **Теми/подрачја во наставната програма**[1] | • ***Во новото училиште***<br>• ***Младите и нивните преокупации***<br>• ***Здраво живеење***<br>• ***Уметноста и културата ги поврзува младите*** |
| **Број на часови** | 2 часа неделно / 72 часа годишно |
| **Опрема и средства** | Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија, печатач.<br>• Средства и ресурси за учење: фотографии, слики, плакати, постери од книжевници, шеми и прикази за наставниот материјал, паноа кои го следат материјалот по подрачја; речници, правопис, лексикони, енциклопедии, книги, едукативни софтевери, снимки од нарации, аудио – визуелни снимки;<br>• Библиотека во училница, училишна библиотека. |
| **Норматив на наставен кадар** | Настава по предметот Македонски јазик за учениците од другите заедници во средно гимназиско образование може да реализира лице кое завршило наставна насока на студиските програми:<br><br>• Македонски јазик и книжевност VII/1 или VI A т.е 240 кредити; |

[1] Називите на темите се формулирани според лексиката што преовладува во нив, но тоа не значи дека граматичките категории и јазичните функции треба да се обработуваат исклучиво во рамките на тие теми. При реализација на наставата, како и при изработка на учебник, вокабуларот од темите може флексибилно да се комбинира со граматичките категории и јазичните функции предвидени во програмата и кога тие се поврзани со други теми.

| | |
|---|---|
| | • Македонски јазик и јужнословенски јазици VII/1 или VI A т.е 240 кредити;<br>• Македонски јазик и јужнословенски јазици со македонска книжевност и јужнословенски книжевности VII/1 или VI A т.е 240 кредити;<br>• Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик VII/1 или VI A т.е 240 кредити;<br>• Македонска книжевност и култура VII/1 или VI A т.е 240 кредити;<br>• Општа и компаративна книжевност VII/1 или VI A т.е 240 кредити;<br><br>**Забелешка:** Лицата кои завршиле применета насока и се стекнале со назив дипломиран филолог од наведените студиски групи и се здобиле со педагошко – психолошка и методска доквалификација, можат да реализираат настава по предметот Македонски јазик за учениците од другите заедници во средно гимназиско образование. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

<table>
<tr><td colspan="2">Тема: ВО НОВОТО УЧИЛИШТЕ<br>Вкупно часови: 15</td></tr>
<tr><td colspan="2">Резултати од учење:<br><br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:<br>1. применува правилно третосложно акцентирање во зборување и во читање.<br>2. употребува именки и придавки во соодветен род, број и определеност.<br>3. користи соодветни личноглаголски форми од сегашно време во неговото основно значење и во некои вторични значења.<br>4. употребува соодветно прилози и предлози во реченица.<br>5. го применува новонаучениот вокабулар при усно и писмено изразување.</td></tr>
<tr><td>Содржини (и поими):<br>а) Јазични функции<br><br>• Опишување на училиштето<br><br>Нашето училиште е големо, модерно и пространо.</td><td>Стандарди за оценување:<br><br>• Изговара правилно зборови и реченици според правилата за третосложно акцентирање.<br>• Употребува соодветни зборови во контекст на темата.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| *Учениците учат во светли и пријатни училници.*<br>*Во училиштето има библиотека со многу книги и компјутери.*<br><br>• **Претставување на струката/подрачјето/видот на образование**<br><br>*Пример:*<br>*Јас учам во средно стручно училиште за електротехника/гимназија, подрачје ...*<br>*На нашата насока се изучува програмирање и мрежни технологии.*<br>*На нашата насока се изучуваат општи предмети од економските науки.*<br>*Изучуваме анатомија и други медицински стручни предмети.*<br>*Стекнуваме знаења за практична примена во идните професии.*<br><br>• **Функциите на училишната заедница**<br><br>*Пример:*<br>*Училишната заедница организира настани и активности за учениците.*<br>*Членовите на заедницата соработуваат со наставниците и директорот.*<br>*Сите имаат заедничка грижа за подобрување на условите во училиштето.*<br>• **Изразување иницијативи во училиштето**<br><br>*Пример:*<br>*Предлагаме да се одржуваат повеќе работилници за нови технологии.*<br>*Сакам да организираме натпревар по Математика.*<br>*Корисно е да имаме повеќе вонаставни активности.* | • Го опишува училиштето, предметите и други работи поврзани со училшното секојдневие користејќи соодветен вокабулар и јазични структури.<br>• Ги објаснува функциите на училишната заедница користејќи соодветен вокабулар и јазични структури.<br>• Користи соодветни реченици и искази за изразување на иницијативи користејќи соодветен вокабулар и јазични структури.<br>• Ги наведува активностите во кои учествува во училиштето и ја опишува својата улога во нив користејќи соодветен вокабулар и јазични структури.<br>• Изразува мислење за училишната клима користејќи соодветен вокабулар и јазични структури.<br>• Соодветно користи сегашно време за изразување на сите дејства за кои зборува.<br>• Ја проценува точноста или неточноста на исказите при примена на одреден изучен вокабулар.<br>• Преведува кратки текстови за училишниот живот.<br>• Ги интерпретира главните пораки во текст од македонски јазик на мајчин јазик и обратно. |

| | |
|---|---|
| • **Проекти и проектни активности во училиштето**<br>*Пример:*<br>*Во училиштето работиме на проекти за заштита на животната средина.*<br>*Организираме кампањи за подигнување на свеста за рециклирање.*<br>*Имаме тим што работи на развој на мобилни апликации.*<br>• **Разговор за училишната клима**<br>*Пример:*<br>*Училиштето има пријатна и позитивна атмосфера.*<br>*Сите се почитуваат и соработуваат заедно.*<br>*Наставниците се подготвени да помогнат и да мотивираат учениците.*<br>• **Во училиштето најмногу сакам ...**<br>*Пример:*<br>*Друштвото и пријателите со кои учам секој ден.*<br>*Интересните часови и посветените наставници.*<br>*Можностите за учење преку проекти и истражувања.* | |
| **б) Лексички единици**<br>• Именки: настава, процес, образование, струка, насока, подрачје, техника, медицина, економија, кулинарство, услуги, компјутери, лаборатории, сали, кабинети, канцеларии, проекти, апликации, тим, заштита, средина, друштво, заедница, активност, член, членови, грижа, услов, вежби, тест, оценка, иницијатива.<br>• Придавки: модерен, простран, интересен, тежок, лесен, важен, корисен, пријатен. | • Идентификува нова лексика во контекст.<br>• Дефинира зборови и зборовни состави при слушање или читање текст.<br>• Идентификува граматички структури во адаптирани текстови.<br>• Парафразира информации поврзани со училишниот живот.<br>• Употребува јазични обрасци кога зборува или пишува.<br>• Ги идентификува различните видови зборови во дадени примери и ги класифицира според нивната граматичка категорија. |

| | |
|---|---|
| • Глаголи: размислува, објаснува, опишува, претставува, ангажира, избира, составува, организира, учествува, предлага, соработува, добива, програмира, рециклира.<br>• Прилози: овде, ваму, таму, горе, долу, мирно, задоволно, доволно, недоволно, малку, многу, успешно, вредно, одговорно, пријателски, правилно.<br>• Сврзници и предлози: (и, или, а, па, зашто, туку; на, во, под, над, до,кон, врз, заради, меѓу...)<br>• Прашални зборови и изрази: дали; што, кој; каде, кога, колку, зошто, како, каков, на кој начин... | • Употребува дадени видови зборови при усно или писмено изразување.<br>• Избира познати лексички единици кога формулира нови искази.<br>• Говори на едноставна тема со примена на новонаучената лексика. |
| **в) Граматички структури**<br>• Примена на правила за третосложно акцентирање<br>• Употреба на именки во соодветни категории (род, број,определеност)<br>*Пример:*<br>*Ученичката зборува тивко. Училишната зграда е многу стара. Столот е дрвен. Ѕидовите се полни графити. Убавото време трае кратко. Високата училишна зграда се гледа од далеку.*<br>• Категорија вид кај глаголите – свршени и несвршени<br>• Употреба на сегашно време во неговото основно значење и во означување минатост, идност, севременост и повтроливост<br>*Пример:*<br>*Анализирам една книга.Тие играат фудбал во дворот. Горан чита секоја вечер. Миа пишува есеј во библиотека.Одеднаш, влегува наставникот и сите замолчуваат. Утре патувам за Скопје. Летово патуваме на одмор. Водата врие на 100 степени Целзиусови. Железото рѓосува ако стои во вода. Секој ден одам во училиште. За викендите сме во парк.*<br>• Прилози: овде, ваму, таму, горе, долу, мирно, задоволно, доволно, недоволно, малку, многу, успешно, вредно, одговорно, пријателски, правилно. | • Употребува правила за третосложно акцентирање во читање и зборување.<br>• Користи именки во соодветен род.<br>• Ја разликува примената на именките во соодветна множинска форма.<br>• Користи именки во соодветна множина.<br>• Соодветно применува членувани и нечленувани именки.<br>• Употребува две или три придавки усогласени со именката по род, број и определеност.<br>• Разликува категорија вид кај глаголите и правилно ги употребува.<br>• Користи сегашно време во говор и во пишана форма со основото значење и во другите негови значења.<br>• Применува прилози во реченици почитувајќи го зборoредот.<br>• Дава примери со точна употреба на сврзиците и предлозите при говорењето и пишувањето.<br>• Пишува краток текст со правилна примена на граматичките правила за именките и придавките, за сегашното време и за предлозите, прилозите и сврзниците.<br>• Користи соодветни прашални зборови при поставување прашања. |

| | |
|---|---|
| • Сврзници и предлози: (и, или, а, па, зашто, туку; на, во, под, над, до,кон, врз, заради, меѓу...)<br>• Прашални зборови и изрази: дали; што, кој; каде, кога, колку, зошто, како, каков, на кој начин. | |
| **Читање и пишување**<br><br>• Читање со разбирање текстови од различни функционални стилови на тема училиште<br>• Пишување кратки текстови на тема училиштен живот | • Чита со правилен изговор на гласовите, правилно зборовно акцентирање и правилна реченична интонција.<br>• Чита нови зборови, дијалози и кратки текстови на тема училиште и училишна средина.<br>• Одговара на прашања поврзани со слушнат и/или прочитан текст.<br>• Ја определува главната идеја во слушнат и/или прочитан текст.<br>• Ја прераскажува содржината на краток текст со позната лексика и со позната граматичка структура.<br>• Изведува едноставни заклучоци од прочитани текстови со информативен карактер и со позната лексичка и граматичка структура.<br>• Пишува едноставен текст на дадена тема.<br>• Правилно користи точка, прашалник и извичник, запирка, две точки, три точки, наводници, црта кога пишува самостојно. |

**Примери за активности**

**Индивидуални активности:** Учениците самостојно изработуваат усна презентација за опишување на структите во училиштето, функцијата на училишната заедница или некоја иницијатива. За насока имааат да користат соодветен вокабулар кој се изучува во оваа тема.

**Квиз:** Учениците се натпреваруваат во точно поврзување на измешани делови од реченици за да формираат граматички и смисловно правилни искази. Прашањата се од типот: „Избери го точниот завршеток на реченицата", „Поврзи го почетокот и крајот на реченицата за да добиеш логичен исказ" или „Коригирај ја реченицата така што ќе биде правилно формулирана". Оваа активност им помага на учениците да развијат јазична прецизност, да применуваат правилен зборoред и да ги зајакнат своите граматички вештини на интерактивен и забавен начин. Победува групата што ќе состави најмногу точни искази во даденото време.

**Креативна активност:** Учениците, поделени во групи, изработуваат плакат или леток како најава за проект во училиштето, при што ја развиваат својата јазична точност, креативност и способност за визуелно претставување на информации. Во првата фаза, учениците

дискутираат за целта на проектот и избираат соодветен јазик за комуникација со публиката, внимавајќи на стилот и формулацијата на пораки. Во текот на изработката, тие применуваат правилни граматички конструкции, кратки и јасни реченици, привлечни наслови и соодветна терминологија поврзана со темата. Особено се нагласува правилната употреба на именки, придавки и глаголи во соодветно време, како и вештината на концизно и прецизно изразување. Во завршната фаза, секоја група го презентира својот плакат или леток пред паралелката, објаснувајќи ги клучните елементи и аргументирајќи зошто нивниот дизајн е ефективен. Преку оваа активност, учениците ја подобруваат својата способност за писмено и усно изразување, структурирање на информации и користење на убедлив јазик во различни комуникациски ситуации.

**Практична активност:** Учениците ги препознаваат и поправаат грешките во даден текст со намерни грешки: во употребата на родот, бројот и определеноста кај именките и придавките, употреба на сегашно време во соодветно лице и број.

**Симулации и играње улоги:** Учениците симулираат *сцена* во која подготвуваат состанок на училишната заедница на која зборуваат за иницијативата – поставување корпи за селектирање отпад.

Тема: ***МЛАДИТЕ И НИВНИТЕ ПРЕОКУПАЦИИ***

Вкупно часови: 25

**Резултати од учење**

**Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:**

1. ги изговара правилно гласовите на македонскиот стандарден јазик правејќи разлика во изговорот на гласовите во македонскиот и во мајчиниот јазик;
2. препознава слуховно правилно акцентирани зборови и правилно да акцентира изучени зборови според правилата за акцентирање во македонскиот стандарден јазик.
3. користи соодветна лексика за точно претставување на себеси и применува зборови и фрази соодветни за комуникација со други лица.
4. ги именува и опишува своите особини, одговорностите и привилегиите во семејството и училиштето, користејќи правилни именски, придавски, заменски и глаголски форми.
5. користи зборови од речникот на македонскиот јазик и го применува нивното правилно значење во соодветен комуникациски контекст.
6. чита текстови на македонски јазик, почитувајќи ги правилата за изговор и поврзување на зборовите.
7. одговара на прашања, извлекува непознати зборови и зборовни изрази, препознава точни одговори и составува едноставни реченици во врска со текстовите што ги слуша и чита.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| **а) Јазични функции**<br><br>**Мојот идентитет (интерес, избор, искуство, вредност)**<br><br>*Примери:*<br><br>*Вчера наполнив 15 години. Живеам со моите родители во еден стан блиску до центарот на градот. Ние живееме како потстанари. Се преселивме во овој стан пред две години. Мојата другарка Милица не е од градот, таа е од едно село во близина на Јабланица. Ние заедно учиме во средното медицинско училиште. Милица живее во студентски дом.*<br><br>*Мојот омилен предмет во основното училиште беше Англиски јазик, а оваа година е Географија.*<br><br>*Во основно училиште компјутерот го користев најмногу за игри, а годинава за учење.*<br><br>*Пред некое време уживав во поп- музика, а сега слушам рок.*<br><br>*Моја најголема желба со години беше свирењето на гитара, а сега се занимавам со кајакарство.*<br><br>**Како би се опишал/опишала**<br>*Примери:*<br><br>Моите главни интереси се: …<br>Мои главни вредности се: …<br>Моите главни потреби се: …<br>Најзначајни настани во мојот живот се: …<br>Најважни особини што сум ги стекнал/стекнала од моето семејство се: … | • Правилно изговара и употребува нови зборови во соодветен јазичен контекст.<br>• Се опишува користејќи правилни јазични конструкции и точни зборови.<br>• Јасно и правилно објаснува свои интереси и преокупации со соодветни јазични изрази.<br>• Ги опишува своите карактеристики користејќи правилен вокабулар и јазична структура.<br>• Формира и употребува правилни прашања и одговори за сопственото однесување и односите со родителите, другарите и наставниците.<br>• Јазично правилно изразува идеи за активно учество во семејниот живот.<br>• Слуша, разбира и јасно одговара на прашања и информации поврзани со училишниот живот.<br>• Јазично правилно составува и презентира распоред на активности за еден ден.<br>• Ги набројува своите омилени активности за учење и ги опишува со јасни и граматички точни искази<br>• Формира правилни искази за своите училишни обврски.<br>• Креира граматички точни прашања поврзани со училишните обврски.<br>• Јасно и правилно одговара на прашања во врска со училиштето и училишните обврски.<br>• Применува соодветна и правилна лексика при изразување за распоредот на обврските во домот и во училиштето.<br>• Креира и применува искази со точен вокабулар, користејќи правилни личноглаголски форми во сегашно и минато определено време. |

| | |
|---|---|
| Најзначајно искуство од училиштето за мене е: …<br>Мои најдобри пријатели се: …<br>Мое омилено хоби е: …<br><br>**Одговорности и потреби**<br><br>*Дом, храна, облека, друштво, можност за образование, здравствена заштита, роднински и пријателски врски, емоционална поддршка, финансиска поддршка/џепарлак, можност за забава и рекреација, грижа за личната хигиена и здравје, извршување училишни и домашни обврски, помагање во домаќинството, почитување на правилата во семејството и училиштето, грижа за сопствените и туѓите работи, одговорно трошење на финансиски средства, почитување на другите луѓе и нивните права, развивање на работни навики и самодисциплина.*<br><br>*Примери:*<br><br>• **Адил:** *Моите обврски се да го измијам автомобилот и да го исчистам дворот. Најмногу време поминувам пред компјутер. Сакам да правам нови програми, но и да играм компјутерски игри.*<br>• **Нермине:** *Секогаш ѝ помагам на мајка ми во кујната – мијам чинии и знам да правам некои колачиња. Јас сакам да се дружам со моите пријатели и да разговарам за филмови и за музика. Сакам да одам и во кино.*<br>• **Фиорела:** *Јас чистам со правосмукалката и бришам прашина во нашата куќа. Тоа не ми е тешко. Најмногу сакам да одам во дискотеки. Сакам да танцувам. Одам двапати* | • Формира и употребува правилни прашални реченици со соодветни прашални зборови (дали, каков, како, каде, кој, што).<br>• Применува искази со точна употреба на прилози за време, броеви, показни заменки, како и описни и заменски придавки.<br>• Креира правилни искази во кои ги наведува своите дневни активности.<br>• Јазично правилно образложува како треба да изгледа неговата дневна рутина врз основа на шема, цртеж или компјутерска анимација.<br>• Формира јасни и граматички точни реченици при наведување причини за волонтирање, користејќи соодветен вокабулар и правилна јазична структура.<br>• Јасно и структурирано ги презентира своите планови за ученички иницијативи.<br>• Јазично точно го разбира и формулира одговор на поставено прашање, користејќи правилни граматички конструкции и соодветен вокабулар при опишување на искуства од средното училиште.<br>• Формира и употребува правилни прашања и одговори поврзани со менаџирањето на своето време.<br>• Јазично точно парафразира слушната или прочитана младинска иницијатива.<br>• Кратко и јасно опишува реализирана младинска активност.<br>• Применува соодветни јазични структури при демонстрација на примери за привилегии и одговорности дома и во училиште.<br>• Ги издвојува и јазично правилно пренесува главните пораки од пишуван текст при преведување од македонски на мајчин јазик и обратно.<br>• Јасно и структурирано опишува искуства од реализирани младински акции во училиштето и надвор од него. |

| | |
|---|---|
| *неделно во училиште за танцување. Сум била и на неколку натпревари.*<br>• **Лазар:** *Мојата задача е Оги. Тоа е нашето куче и јас се грижам за него – го хранам, го носам на прошетка и ја чистам неговата куќичка. Јас тренирам кошарка, но ги сакам и другите спортови.Секој втор ден имам тренинг, а кога немам тренинг, одам во теретана.*<br><br>**Менаџирање време/интереси**<br>*Примери:*<br>*Секогаш ги запишувам работите што треба да ги направам.*<br>*Сé што правам има по нешто во што можам да уживам.*<br>*Постојано се преиспитувам за моите стари навики и се обидувам да се променам во она што мислам дека ме блокира.*<br>*Секое утро, или навечер пред спиење, си го планирам денот и си поставувам приоритети.*<br>*Барам помош кога ми треба.*<br>*– Што мислите за новиот професор по Хемија?*<br>*– Мислам дека тој објаснува одлично. На секој час ги повторуваме старите лекции. Часовите се интересни и никогаш не се уморувам додека го слушам. За следниот час морам да направам презентација за кислородот и сега одам во библиотека за да позајмам неколку книги за таа задача.*<br><br>*Маја, Менан и Сара ја сакаат природата. Секој викенд пешачат надвор од градот, бидејќи го сакаат чистиот воздух. Овој викенд отидоа на Пелистер. Информациите за него ги најдоа на интернет. Се качуваа неколку часови. Кога се качија, видоа еден голем камен и седнаа на него да се одморат. Се свртеа кон сонцето и уживаа во убавото време.* | |

| | |
|---|---|
| **Ангажирање на младите**<br><br>**Младински активизам/младинска организација/младинска иницијатива**<br><br>*Примери:*<br>*Еколошка акција*<br><br>*Акција за поддршка на децата без родители*<br><br>*Акција за промовирање толеранција*<br>*Водење кампања/иновативни решенија/размена на искуства*<br><br>*На кои се групи се наменети настаните?*<br><br>*Зошто е важно да има настани во кои учествуваат ученици, а се вклучува целата заедница?*<br><br>*Што добиваат со тоа учениците? Што добива од тоа пошироката заедница?*<br><br>*Освен во училишниот живот, во кои други области може да учествуваат учениците и да дадат свој придонес за заедницата?*<br><br>**Еднаш волонтор – засекош волонтер**<br><br>*Примери:*<br>*Подадена рака еднаш е помош некому засекогаш.*<br>Што значи да се биде волонтер?<br><br>Зошто да волонтирам?<br><br>*Причините за волонтирање се различни, но најчесто доминира желбата за помагање на другите.* | |

| | |
|---|---|
| *Јас сакам да им помагам на луѓето и на организациите на кои помошта им е потребна, но и да си го пополнам моето слободно време.*<br><br>Што ќе добијам доколку волонтирам?<br>*Покрај личната исполнетост и задоволство, волонтирањето ќе ми помогне да се стекнам со знаење и со вештини, но и со многу пријателства.*<br><br>Како да се пријавам?<br><br>*Професорката по Социологија ни кажа дека одредени организации и институции коишто имаат потреба од волонтери, најчесто објавуваат повици или на друг начин разгласуваат во јавноста дека им се потребни волонтери за реализирање на проекти или тековни активности.* | |
| **б) Лексички единици**<br>• **Именки**: тинејџерство,образование, креативност, оригиналност, интерес, желба, слобода, активност, вештина, привилегија, одговорност, соработка, пријателство, доверба, самодоверба, вредност, искуство, рекреација ...<br>Младински иницијативи: хоби, поддршка, афинитети, музика, секција, разгласна станица, волонтер, активности, кампања, акција, заедница, настани, толеранција, екологија, емпатија ...<br>Градење слика за себе како ученик: почит, доверба, љубов, промена, споредба, другар, потреба, планирање, време, приоритет, пријатели, комуникација, околност, навика, ситуација, незадоволство/задоволство, партиципација, авторитети ...<br>• **Придавки:** мирен, способен, одлучен, самоуверен, почитуван, интересен, задоволен, креативен, толерантен, иницијативен, одговорен, емоционален, социјален, индивидуален, колективен, осетлив, еколошки, младински, активен, демократски, оригинален, ... | • Јазично правилно употребува именки што означуваат интереси, вредности, можности, постапки и лични особини во различни училишни и семејни ситуации.<br>• Ги поврзува своите афинитети со активностите што произлегуваат од програмските содржини во училиштето, користејќи правилни јазични конструкции.<br>• Ги именува и набројува младинските активности што се реализираат во неговото/нејзиното училиште, применувајќи точна лексика.<br>• Ги наведува поважните одговорности и привилегии во семејството и училиштето, употребувајќи конкретни и апстрактни именки, како и описни придавки.<br>• Јасно ги поврзува своите училишни искуства со соодветна употреба на општи и сопствени именки, описни и заменски придавки. |

| | |
|---|---|
| • **Глаголи:** почитува, не почитува, се плаши, одлучува, бара, дава, се активира, партиципира, реагира, помага, учествува, толерира, презема, слуша, сака, коментира, решава, се однесува, знае, се интересира, верува, се изразува, постапува, волонтира, се подготвува, верува, поддржува, промовира ...<br>• **Прилози**: овде, онде, ваму, таму, мирно, спокојно, задоволно, храбро, доволно, недоволно, малку, многу,успешно, доброволно, вредно, одговорно, пријателски, правилно, двојно...<br>• **Сврзници и предлози**: (и, или, а, па, зашто, туку; на, во, под, над, до,кон, врз, заради, меѓу... )<br>• Прашални зборови и изрази: дали; што, кој; каде, кога, колку, зошто, како, каков, на кој начин... | • Ги применува формите на именските зборови во познати комуникациски обрасци, користејќи правилни јазични структури.<br>• Креира реченици со правилна употреба на свршени и несвршени глаголи во соодветен контекст.<br>• Формира јазично точни реченици со сврзници и предлози (и, или, а, туку, но, додека; на, во, под, над, до, со, за).<br>• Препознава и разликува лексички единици и зборовни состави во пишан и говорен текст.<br>• Јазично правилно применува позната лексика и зборовни состави при создавање нови искази. |
| в) Граматички структури<br>• **Фонетика**<br>Правилен изговор на согласките: ф, в, ѓ, ќ, ѕ, џ, љ, њ од македонскиот гласовен систем<br>Гласовни промени: обезвучување на звучните согласки на крајот на зборот; едначење на согласките по звучност<br>Акцентот во македонскиот стандарден јазик (третосложно акцентирање)<br>• **Морфологија**<br>Видови именки: конкретни (училиште, тинејџер, ученик, билборд, хартија, плакат, ) и апстрактни именки (почит, слога, љубов, толеранција, задоволство, среќа)<br>*Пример:*<br>*Во средно се запознав со многу другари и другарки и можам да кажам дека имам добро друштво. Често одам на Водно со нив. Понекогаш заедно појадуваме ѓевреци за време на големиот одмор.*<br>Граматичката категорија род, број и определеност кај именките | • Јасно и правилно ги изговара гласовите од македонскиот гласовен систем, со посебно внимание на согласките ф, в, ѓ, ќ, ѕ, џ, љ, њ.<br>• Го препознава и јазично точно применува обезвучувањето на звучните согласки на крајот на зборот и едначењето на согласките по звучност.<br>• Правилно ги акцентира изучените зборови при читање и во разговор.<br>• Ги разликува конкретните и апстрактните именки во јазичен контекст.<br>• Формира правилни реченици со соодветна употреба на конкретни и апстрактни именки.<br>• Јасно ги разликува именките според граматичката категорија род и број.<br>• Правилно ги употребува именките според род и број во усната и писмената комуникација.<br>• Препознава и разликува описни придавки.<br>• Препознава и разликува заменски придавки.<br>• Разликува членувани и нечленувани форми на придавки. |

| | |
|---|---|
| *Пример:*<br>*За организираната акција ми кажа Ахмед.*<br>*Таа седеше до претседателот на младинската организација во гимназијата. Тоа дете освои прво место на натпреварот по моделарство.*<br>*Читам еден формулар. Читам од формуларот што ми го испрати. Формулаðов ќе го пополнам.*<br>Видови множина кај именките: обична, избројана и збирна<br>*Примери:*<br>*Три дена ги планирав трите активности за донаторската акција во нашето училиште.*<br>*Во нашите краишта таков настан досега не беше организиран.*<br>Видови придавки - описни придавки и заменски присвојни придавки<br>*Пример:*<br>*Јосуф и Филип го уредуваат нашиот училиштен весник. Адо, Ќерим и Мелани разговараат за нивната проектна задача по Иновации. Голема врева се крена за нашиот предлог. Ученикот од втора година направи компјутерска едноставна програма за водење на картотеката во училишната библиотека.*<br>Граматичка категорија определеност кај придавките<br>*Пример:*<br>*Мојот предлог беше прифатен од Училишниот одбор. Нашата ограда беше бојосана со свежа боја. Храброто дете беше наградено со голем аплауз.*<br>Лични заменки : Показни заменки (тој, таа, тоа, тие; овој, оваа, ова, овие; оној, онаа, она, оние)<br>Повратната заменка себе | • Јасно ги препознава и разликува личните заменки според лице, род и број, како и нивните форми и показни заменки во усна и писмена комуникација.<br>• Ги идентификува и правилно употребува повратните заменски форми во различни говорни ситуации.<br>• Ги разликува глаголите според граматичките категории лице, број, вид и време и правилно ги употребува во јазичен контекст.<br>• Ја разликува свршената и несвршената форма на глаголот и ги употребува соодветно.<br>• Формира и применува глаголски форми за искажување идно време.<br>• Ги препознава и разликува формите на свршени и несвршени дејства во минато определено време.<br>• Го споредува сегашното време со минато определено свршено и минато определено несвршено време.<br>• Јасно ги разликува сврзниците од другите зборовни групи и правилно ги употребува во реченицата.<br>• Формира правилни зборовни изрази со придавка и именка во реченица.<br>• Креира реченици и препознава правилен и неправилен зборород во проста реченица. |

| | |
|---|---|
| *Пример:*<br>*Себеси се видов во излогот. Себеси си реков да учам.*<br>Употреба во соодветно лице, број, вид и време Глаголи од свршен и несвршен вид<br>*Пример:*<br>*Јас секој ден го шетам нашето куче.*<br>Минато определено свршено време<br>*Пример:*<br>*Мелек направи колаж од најуспешните активности во училиштето.*<br>*Пример:*<br>Минато определено несвршено време<br>*Професорката ме чекаше пред кабинетот.*<br>Идно време<br>*Пример:*<br>*Агим, Атанас и Нина ќе го собираат стаклениот отпад на едно место. Мустафа ќе оди на ифтар кај Али. Дила ќе го состави планот за работа на ученичката заедница.*<br>Значење и употреба на сврзниците за поврзување на делови од реченицата и на едноставни дел-реченици<br>*Примери:*<br>*Осман и Игор живеат на ист кат во зградата.*<br>*Ти ќе го правиш редоследот, а таа ќе презентира.*<br>*Ако биде убаво времето, ќе одиме на екскурзија*.<br>• Синтакса<br>Употреба на зборовни изрази од придавка и именка (именска група): *младинска иницијатива; младински активизам; семејна одговорност; семејна привилегија.*<br>Проста реченица | |

| | |
|---|---|
| **Читање и пишување**<br><br>• Читање со разбирање текстови од различни функционални стилови<br>• Пишување кратки текстови | • Чита со правилен изговор на гласовите, правилно зборовно акцентирање и правилна реченична интонција .<br>• Чита со правилен изговор на гласовите, правилно зборовно акцентирање и правилна реченична интонција.<br>• Чита нови зборови, дијалози и кратки текстови.<br>• Одговара на прашања поврзани со слушнат и/или прочитан текст.<br>• Ја определува главната идеја во слушнат и/или прочитан текст.<br>• Ја прераскажува содржината на краток текст со позната лексика и со позната граматичка структура.<br>• Изведува едноставни заклучоци од прочитани текстови со информативен карактер и со позната лексичка и граматичка структура.<br>• Точно пополнува  кратки формулари.<br>• Пишува едноставен текст на дадена тема.<br>• Правилно користи точка, прашалник и извичник, запирка, две точки, три точки, наводници, црта кога пишува самостојно. |

**Примери за активности**

**Индивидуални активности:** Учениците самостојно пишуваат нова верзија за крајот на расказ или допишуваат изоставен дел од него и го реконструираат редоследот на текстот врз основа на препознавање на временските и на причинско-последичните односи.

**Квиз:** Учениците формулираат и презентираат најкреативни еколошки пораки поврзани со акцијата „Засади дрво“. Прашањата во квизот може да вклучуваат објаснување на значењето на засадувањето дрвја, формулирање на кратки, јасни и граматички правилни пораки со еколошка порака, како и аргументација за нивната важност. Учениците ги презентираат своите пораки, а потоа жири-комисија или соучениците гласаат за најинвентивната и јазично најпрецизна порака.

**Практична активност:** Учениците прават анализа на причините и последиците од загадувањето на животната средина, со акцент на развојот на јазичните компетенции. Преку оваа активност, тие вежбаат читање и разбирање на информативни и научнопопуларни текстови, извлекување клучни информации и нивно јасно и прецизно изразување во усна и писмена форма. Работејќи во групи, учениците ги идентификуваат причините за загадувањето и ги анализираат последиците врз животната средина, користејќи соодветен вокабулар и јазични структури за опишување, објаснување и аргументирање.Во текот на дискусиите, тие формулираат граматички точни реченици,

применуваат свршени и несвршени глаголски форми, правилно членувани именки и описни придавки за прецизно изразување на своите заклучоци. Покрај тоа, учениците подготвуваат кратки извештаи или резимеа во кои систематски ги изразуваат своите согледувања, почитувајќи ги правилата на кохерентно и логично поврзано изразување. Во завршниот дел од активноста, секоја група презентира краток усен извештај во кој применуваат јасен и разбирлив јазик, со соодветна употреба на терминологија поврзана со животната средина. Преку оваа активност, учениците го развиваат својот јазичен израз, го збогатуваат вокабуларот и вежбаат формулирање на аргументи во усна и писмена комуникација.

**Симулации и играње улоги:** Организирање и водење кампања за волонтирање во локалната заедница. Учениците се поделени во групи и играат различни улоги: координатори на кампањата, волонтери, претставници на медиумите и членови на заедницата. Преку оваа активност тие развиваат јазични компетенции во јавно говорење, аргументација и комуникација во формални и неформални ситуации. Учениците формулираат правилни реченици при изработката на говори, пораки и постери, користејќи соодветен вокабулар. Применуваат различни граматички структури, како свршени и несвршени глаголски форми, условни реченици и модални глаголи. Во текот на активноста вежбаат формално и неформално обраќање, поставување и одговарање на прашања, како и убедливо изразување на ставови. Читаат и анализираат текстови поврзани со волонтерството, извлекуваат клучни информации и составуваат писмени материјали како покани, кратки објави и писма за поддршка. Завршниот дел вклучува презентација на сценаријата и дискусија, при што се дава повратна информација за употребата на јазикот и убедливоста на изразувањето. Оваа активност им овозможува на учениците да ги подобрат вештините за усно и писмено изразување, да ја збогатат лексиката и да применуваат правилни јазични структури во различни комуникациски контексти.

Тема: ***ЗДРАВО ЖИВЕЕЊЕ***

Број на часови: 16

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. правилно ги изговара и акцентира зборовите и речениците при зборување и читање, почитувајќи ги правилата за акцент во македонскиот стандарден јазик.
2. користи новоизучена лексика за точно претставување на своите навики и однесувања во однос на здравиот начин на живот, исхраната и спортувањето.
3. формира јасни и граматички точни искази за здравиот живот од различни аспекти, применувајќи правилни именски, придавски, заменски и глаголски форми, како и прилози, предлози и сврзници во соодветен контекст.
4. чита текстови со разбирање на македонски јазик, одговара на прашања за нив и составува говор на одредена тема, почитувајќи ги правилата за усно изразување.
5. јазично правилно одговара на прашања, извлекува и толкува непознати зборови и изрази, препознава точни одговори и составува јасни реченици во врска со текстовите што ги слуша и чита.

| **Содржини (поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| **а) Јазични функции**<br>**Клуч за долг и здрав живот**<br>*Секојдневно внимаваме на исхраната.*<br>*Физички сме активни.*<br>*Пешачиме и спортуваме.*<br>*Социјално сме активни тоа го одржува умот позитивен.*<br>*Во семејството практикуваме редовни прегледи на лекар*<br><br>**Здрави навики што го менуваат животот**<br>*Внесувам доволно вода.*<br>*Спортувам.*<br>*Јадам храна богата со витамини и минерали.*<br>*Не користам зачинета храна често.*<br>*Избегнувам брза храна.*<br>*Спијам 8 часа.*<br><br>И**схрана и имунитет:**<br>*Примери:*<br>*Јадам разновидна и нутритивно богата храна, со посебен фокус на овошје, зеленчук и протеини.*<br>*Што е најважно да се јаде? Кои природни рецепти се најдобри?*<br>**Важноста на сонот за здравјето**<br>*Примери:*<br>*Одиме на спиење пред полноќ.*<br>*Пред да спијам не јадам храна и не пијам енергетски пијалоци.*<br><br>**Спорт превенција и лек или спортот како начин на живеење и професија** | • Правилно изговара зборови и реченици, почитувајќи ги правилата за третосложно акцентирање.<br>• Јазично прецизно дискутира за потребата од здрав живот, користејќи соодветен вокабулар.<br>• Формира јасни и граматички точни искази при наведување причини зошто здравјето е клуч за квалитетен живот.<br>• Објаснува свои здрави навики со правилна употреба на вокабулар и јазични конструкции.<br>• Јасно и јазично правилно ја опишува својата секојдневна рутина за здрав живот.<br>• Користи точен и соодветен вокабулар при објаснување на поврзаноста меѓу имунитетот и исхраната.<br>• Формира граматички правилни реченици при објаснување на важноста на сонот за здравјето.<br>• Јазично структурирано и разбирливо опишува природни рецепти за одржување на имунитетот.<br>• Јасно и прецизно ги објаснува функциите на своите навики во исхраната, користејќи соодветен вокабулар.<br>• Формира граматички точни реченици и искази за претставување на своите спортски активности.<br>• Јазично правилно ги наведува спортските активности во кои учествува.<br>• Ги набројува и јасно формулира придобивките од спортските активности во кои учествува.<br>• Јазично кохерентно учествува во разговори за влијанието на медиумските содржини врз здравиот начин на живот.<br>• Формира правилни и јасни искази при објаснување зошто рекламите се влијателни врз изборите на младите, вклучително во областа на исхраната и спортот.<br>• Користи соодветни изрази за искажување на позитивните и негативните влијанија од медиумските содржини, поткрепувајќи ги со примери. |

| | |
|---|---|
| *Примери:*<br>*Спортувам трипати пати неделно.*<br>*Секојдневно пешачам.*<br>*Спортувам неколку спортови.*<br>*По секој тренинг сум како нов.*<br>*Спорото е избор за моја идна професија, затоа тренирам секојдневно по два пати.*<br>*Немам време за спорт, имам за учење, посетувам курсеви по странски јазици и волонтирам.*<br><br>**Влијанието на медиумските содржини во изборот на храна** | • Јазично правилно користи сегашно време за изразување на дејства поврзани со здравиот начин на живот.<br>• Формира јасни и граматички точни искази при објаснување на влијанието на рекламите врз изборот на храна.<br>• Идентификува и објаснува значења на помалку познати зборовни изрази.<br>• Го проценува значењето и точноста на исказите при употреба на изучен вокабулар.<br>• Преведува кратки текстови поврзани со здравиот начин на живот, користејќи правилни јазични структури.<br>• Јасно ги интерпретира главните пораки во пишан текст при преведување од македонски на мајчин јазик и обратно, во контекст на здравиот живот. |
| • **б) Лексички единици**<br>• **Именки:** виталност, имунитет, енергија, хигиена, превенција, исхрана, витамини, минерали, хидратација, физичка активност, метаболизам, кондиција, релаксација, мотивација, терапија, лекови, реклами, медиуми.<br>*Примери:*<br>(*Тој е витален и има добра кондиција. Хигиената е половина здравје. Во исхраната внеси витамини и минерали. Има многу реклами за природни лекови. Најдобра терапија е физичка активност*)<br>• **Глаголи**<br>*Примери:*<br>*чувам (го чувам своето здравје); водам (водам здрав начин на живот); грижам (се грижам за своето тело);*<br>*се движам (се движам секој ден);вежбам (вежбам редовно); одморам се (се одморам доволно); спијам (спијам квалитетно); посетувам (посетувам лекар редовно); следам (следам насоки за здрав живот); вакцинирам (се вакцинирам кога е потребно);*<br>*се лекувам (се лекувам од настинка навреме).*<br>• **Придавки:** | • Идентификува и правилно употребува нова лексика во контекст на темата здраво живеење.<br>• Препознава и објаснува значења на нови зборови при слушање или читање текст.<br>• Опишува и користи лексика во рамки на изучените граматички структури.<br>• Јазично точно парафразира слушнати и/или прочитани информации поврзани со здравото живеење.<br>• Ги применува различните видови новонаучени зборови во сопствени примери.<br>• Избира и комбинира познати лексички единици при формулирање нови искази.<br>• Јасно и правилно презентира едноставна тема со примена на новонаучена лексика. |

| | |
|---|---|
| *Примери:*<br>*здрав / нездрав (Здравиот начин на живот е клучен за долговечност.); болен / излечен (Болниот пациент доби соодветна терапија.); силен / слаб (Силниот имунитет помага во борба против вирусите.);хранлив (Овошјето и зеленчукот се многу хранливи.); штетен (Брзата храна може да биде штетна за организмот.)*<br>*природен (Природните производи се подобри за здравјето.); активен / неактивен (Активниот животен стил го подобрува здравјето.); умерен (Умереното вежбање е најдобро за телото.); напорен (Напорниот тренинг треба да биде внимателно контролиран.); лековит (Чајот од камилица има лековити својства.)*<br>• **Прилози**<br>*Примери:*<br>***Начин** (Како?) правилно (Важно е правилно да се храните.); здраво (Треба да се живее здраво.)*<br>*внимателно (Внимателно следете ги упатствата на лекарот.); редовно (Редовно вежбање е корисно за телото.)*<br>***Време** (Кога?) секојдневно (Секојдневно консумирање овошје ја подобрува исхраната.) **Место** (Каде?) локално (Лекот може да се нанесе локално на кожата.); дома (Некои вежби може да се прават и дома.) **Количество** (Колку?) доволно (Треба да се внесува доволно вода во текот на денот.); премногу (Премногу шеќер може да доведе до здравствени проблеми.); умерено (Важно е да се јаде умерено.)* | |
| **в) Граматички структури**<br>• **Фонетика**<br>Акцент – Примена на правила за третосложно акцентирање<br>• **Морфологија**<br>Именки - род и број<br>Придавки – употреба – категории – определеност и степен) | • Правилно изговара зборови и реченици, почитувајќи ги правилата за третосложно акцентирање.<br>• Употребува именки од темата здраво живеење во правилен род, број и определеност.<br>• Користи придавки во согласност со именките според род, број и определеност. |

| | |
|---|---|
| *Пример:*<br>*Сакам вкусна и зачинета храна, а највкусна ми е рибата*<br>Сегашното време во изразување на навики, секојдневни рутини<br>*Пример:*<br>*Секој ден трчам по три километри. Појадувам во 9 наутро. Навечер пешачам.*<br>Употреба форми од лични заменки<br>*Пример:*<br>*Ми рекоа да бидам на диета. Тебе што ти рекоа?*<br>Броеви и пишување на броеви<br>*Пример:*<br>*Кога си родена? Колку килограми имаш? Колку си висока? Педесет и девет. Илјада деветстотини и деведесетта*<br>Прилози за време, место, начин, количина.<br>(кога, каде, како, колку)<br>*Примери:*<br>*Тука сме во салата. Вечер одиме на натпревар. Лесно победуваме. Многу сум гладен*<br>Сврзници и предлози<br>(и, или, а, па, зашто, туку; на, во, под, над, до,кон, врз, заради, меѓу... )<br>Прашални зборови и изрази<br>( дали; што, кој; каде, кога, колку, зошто, како, каков, на кој начин) | • Формира реченици со придавки во различни степени на споредба.<br>• Јазично точно употребува лични заменки во усно и писмено изразување.<br>• Ги дефинира и применува правилата за пишување сложени броеви во писмен израз.<br>• Јасно ја опишува својата дневна рутина во врска со здравото живеење, користејќи соодветни глаголи.<br>• Објаснува дејства со правилна употреба на прилози.<br>• Применува јазични изрази во соодветни форми на именките, глаголите во сегашно време и прилозите.<br>• Користи правилни прашални зборови при поставување на прашања.<br>• Формира реченици со точно употребени сврзници и предлози. |
| **Читање и пишување**<br><br>• Читање со разбирање текстови од различни функционални стилови<br>• Пишување кратки текстови | • Чита со правилен изговор на гласовите, правилно зборовно акцентирање и правилна реченична интонција .<br>• Чита со правилен изговор на гласовите, правилно зборовно акцентирање и правилна реченична интонција.<br>• Чита нови зборови, дијалози и кратки текстови. |

| | |
|---|---|
| | • Одговара на прашања поврзани со слушнат и/или прочитан текст.<br>• Ја определува главната идеја во слушнат и/или прочитан текст.<br>• Ја прераскажува содржината на краток текст со позната лексика и со позната граматичка структура.<br>• Изведува едноставни заклучоци од прочитани текстови со информативен карактер и со позната лексичка и граматичка структура.<br>• Точно пополнува кратки формулари.<br>• Пишува едноставен текст на дадена тема.<br>• Правилно користи точка, прашалник и извичник, запирка, две точки, три точки, наводници, црта кога пишува самостојно. |

**Примери за активности**

**Индивидуални активности:** Секој ученик пишува и презентира план за здрав живот.

**Квизови:** Учениците учествуваат на натпревар за познавање на правила од различни спортови, нивни најпознати претставници и сл.

**Креативна активност:** Учениците, работејќи во мали групи, подготвуваат постер за здрави намирници од традиционалната кујна, користејќи јазично прецизни и кохерентни описи. Применуваат соодветна лексика за исхраната, правилно формулираат реченици и структурираат информации во писмена форма. Активноста поттикнува развој на јазични компетенции преку создавање текстуални и визуелни содржини, со акцент на точен израз, граматика и терминологија поврзана со традиционалната исхрана.

**Дискусија:** Учениците учествуваат во дискусија на една од предложените теми: „Јадам здраво, се движам активно и се чувствувам одлично“, „Го хранам умот со позитивни мисли, а телото со здрава храна“, „Секој ден станувам посилен/а, поздрав/а и посреќен/а“, „Моето здравје е моето богатство, и секој ден го чувам со љубов и внимание“ или „Живеам активно, размислувам позитивно и се чувствувам прекрасно“. 1) Учениците формулираат правилни и кохерентни реченици, применувајќи соодветна граматика (именки, придавки, заменки, глаголи во соодветно време, прилози, сврзници и предлози). 2) Се охрабрува употреба на разновиден вокабулар поврзан со здравиот живот, исхраната и активниот начин на живеење. 3) Учениците го изразуваат своето мислење со вовед, образложување и заклучок. 4) Внимание се посветува на правилната акцентуација и јасноста на изговорот. 5) Учениците даваат примери и објаснувања, користејќи логичка поврзаност меѓу исказите. Оваа активност им помага на учениците да го подобрат јазичното изразување, како и да ја збогатат својата способност за структурирано и кохерентно комуницирање на идеи.

**Симулации и играње улоги:** Учениците се поделени во групи и преку симулација анализираат начини на влијание врз изборот на храна. Едната група рекламира здрава храна, другата рекламира нездрава храна, додека третата група игра улога на новинари кои истражуваат, спроведуваат анкета со граѓани и подготвуваат медиумски прилог. 1) Учениците ги применуваат јазичните структури соодветни за рекламирање, аргументирање и новинарско известување. 2) Преку активното учество во играта, ја развиваат способноста за критичко размислување и јазично изразување во различни комуникациски контексти. 3) Оваа активност ги поттикнува да користат разновиден вокабулар, правилни граматички конструкции и соодветен стил на говор во зависност од улогата што ја играат. 4) Целокупната активност се одвива во училница и се користат соодветни наставни средства за документирање на дискусиите и презентациите. На овој начин, учениците не само што го усовршуваат својот јазичен израз, туку и развиваат свесност за улогата на медиумите и маркетингот во креирањето на ставови за исхраната.

Тема: ***УМЕТНОСТА И КУЛТУРАТА ГИ ПОВРЗУВА МЛАДИТЕ***

Вкупно часови: 16

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. разбира јасно структурирани пишани текстови и издвојува конкретни информации од текстови на познати теми, како вести од културата, покани, планови за активности, текстови од билтени, појаснувања за музејски експонати и слично.
2. пишува кратки, јасни и структурирани писмени искази за изразување лични ставови и информации во врска со културни настани, кампањи, проектни активности и забави.
3. применува зборови од речникот на македонскиот јазик, разбирајќи и користејќи ги нивните значења во соодветен комуникациски контекст.
4. одговара на прашања, извлекува и толкува непознати зборови и зборовни изрази, препознава точни одговори и составува јасни, кохерентни реченици во врска со текстовите што ги слуша и чита.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| --- | --- |
| **а) Јазични функции**<br><br>**Јазикот на уметноста**<br><br>*Пример:*<br><br>*Во моето место на живеење има доволно културни активности. Редовно ги следам културните содржини. Некои од нив не се привлечни за нас младите. Понекогаш земам учество* | • Правилно применува учтива форма при поставување прашања во усна и писмена комуникација.<br>• Јазично точно користи комуникациски обрасци за да даде, прифати или одбие предлози.<br>• Формира јасни и кохерентни искази при опишување на постапките за организирање културни настани.<br>• Ги применува правилата за пишување покана со точна граматика и соодветен стил на изразување. |

| | |
|---|---|
| *во проекти на различни младински групи поврзани со културата во нашата земја.*<br><br>**Уметност и слободно изразување**<br><br>*Пример:*<br><br>*Вчера по предметот Ликовна уметност ја посетивме галеријата при Домот на културата. Најголемо внимание ни привлекоа делата на младите сликари, инспирирани ~~од~~ убавата природа во пролет, насликале оригинални дела.*<br>*Оваа галерија изработила програма која ги поврзува насликаните дела со информации, веднаш до делото; како на пример, детали за самите автори и техниката на сликање.*<br>*На крајот дискусијата со професорката по посетата на изложбата ни наметна еден заклучок дека галеријата не е само за елити.*<br>*Одам во библиотеката – еднаш неделно, еднаш месечно, неколку пати годишно, никогаш.*<br>*Погледнав – еден, два, повеќе од два, ниту еден балет.Јас многу го сакам – панкот, хеви-металот, народната музика, класичната музика...*<br>*Одам во клубот – често, ретко еднаш неделно, еднаш месечно, никогаш.*<br>*Бев во музејот – неколку пати, многупати, никогаш.*<br>*Сакам – музички, каубојски, историски, љубовни, криминалистички филмови и  психолошки драми.* | • Формира јазично соодветни искази за изразување изненадување и благодарност.<br>• Наведува претпоставки користејќи правилни граматички структури.<br>• Преведува кратки текстови за уметнички настани, применувајќи точна граматика и стилски соодветен израз.<br>• Јасно и кохерентно објаснува ученичка активност со свои зборови.<br>• Јазично правилно планира и анализира реализација на заеднички активности.<br>• Го проценува значењето и точноста на искази формулирани како оправдување за одредена постапка.<br>• Интерпретира главни пораки во пишан текст при преведување од македонски на мајчин јазик и обратно, водејќи сметка за културните разлики.<br>• Формира и применува јазично точни искази со соодветен вокабулар во сегашно, идно и минато определено свршено и несвршено време.<br>• Јасно и граматички правилно опишува искуства од реализирани културни настани во училиштето и надвор од него. |

| | |
|---|---|
| **Прослава на светскиот ден на уметноста, 15-ти април**<br><br>*Пример:*<br>*Во нашето училиште секоја година се одбележува на Светскиот ден на уметноста за да ги промовира развојот, разноликоста, распространетоста и уживањето во уметноста. Преку целодневен настан кој ќе се одржи на платото во училишниот двор, на 15-ти април (петок) љубителите на уметноста ќе може да уживаат во над 40 ликовни дела на учениците од ликовната работилница, во проекциите на неколку аматерски ученички филмови од филмската работилница, во еден перформанс, во разговори за уметноста и културата со професори, роднокрајни писатели и ученици проследени со музика и во изведбите на нашиот училиштен хор.*<br><br>*Пример:*<br><br>*Група од триесет ученици од сите етнички заедници од нашиот град преку графити, стикери и стрипови ќе испишат пораки со коишто ќе ги истакната проблемите на адолесцентите во нашата средина* | |

| | |
|---|---|
| *Неколку мои соученици ќе цртаат денес на ѕидот на зградата од гимназијата, односно ќе исцртуваат нашата кампања „Уметноста на дланка“.*<br><br>**Архитектурата во нашето место на живеење**<br><br>*Пример:*<br><br>*Во близина на мојот град се наоѓаат бројни археолошки наоѓалишта со материјални остатоци. Има и други споменици на културата. Повеќе информации за развојот на цивилизацијата и културата на тлото од мојот град може да добиеме од градскиот музеј. Ние често ги посетуваме музеите коишто се наоѓаат во нашиот град и учествуваме во некои нивни проектни активности. Една од нив беше и проектната активност „Музеите во училиштата и училиштата во музеите“.* | |
| **б) Лексички единици**<br>• **Именки:** балет, библиотека, филм, галерија, изложба, концерт, музеј, опера, театар, претстава, трибина, актер, писател, сликар, музичар, танчер, балерина, костимограф, сценограф, книга, поезија, графика, стрип, мурал, литература, фолклор, традиција... | • Применува изучени именки што означуваат интереси, вредности, можности, постапки и лични особини во различни училишни и семејни ситуации, користејќи ги во правилна граматичка форма.<br>• Јазично точно ги поврзува своите афинитети со активностите што произлегуваат од програмските содржини во училиштето.<br>• Ги именува и јазично правилно набројува културните настани што се реализираат во училиштето. |

| | |
|---|---|
| • **Придавки:** филмски, способен, почитуван, интересен, задоволен, креативен, индивидуален, културен, музички, фолклорен, драмски, традиционален, летратурен, ликовен...<br>• **Глаголи:** почитува, кани, истражува, слика , пишува, твори, слуша, игра, танцува, се забавува, дизајнира, пресликува, имитира, глуми, се маскира, компонира...<br>• **Прилози:** овде, онде, ваму, таму, неколку, малку, многу, задоволно, стручно, доволно, недоволно, малку, многу, успешно, културно, вредно, одговорно, традиционално...<br>• **Сврзници и предлози**: (и, или, а, па, зашто, туку; на, во, под, над, до,кон, врз, заради, меѓу...<br>• **Прашални зборови и изрази**: дали; што, кој; каде, кога, колку, зошто, како, каков, на кој начин... | • Ги наведува афинитетите поврзани со креативноста и иновативноста, користејќи конкретни и апстрактни именки, како и соодветни описни придавки.<br>• Јасно и граматички точно ги поврзува училишните искуства со употреба на општи и сопствени именки, описни и заменски придавки.<br>• Ги применува формите на именските зборови во различни комуникациски обрасци, почитувајќи ги граматичките правила.<br>• Формира реченици и искази со правилна употреба на глаголи од свршен и несвршен вид во соодветен контекст.<br>• Јазично точно и креативно применува позната лексика и зборовни состави при создавање нови искази. |
| **в) Граматички структури**<br>• **Акцентот** во македонскиот стандарден јазик (третосложно акцентирање)<br>• **Морфологија**<br>Видови именки: конкретни (книга, цртеж, графит стрип, музеј, балерина, сликар, реклама, покана) и апстрактни именки ( среќа, емоција, енергија, моќ, лето, љубов, желба, тага).<br>*Примери:*<br>*Ништо не е како порано. Сите учат преку компјутер. Во филмовите се глуми со помош на компјутерски анимации.*<br>*Чичко ми сакаше класична музика, а стрина ми пак не ги сакаше Бах и Моцарт. Таа слушаше поп, рок и народна музика.*<br>Видови множина кај именките: обична, избројана и збирна<br>*Примери:*<br>*Одам на кино на два дена еднаш.*<br>*По три претстави годишно се подготвуваат во нашиот театар.* | • Правилно ги акцентира изучените зборови при читање и во разговор.<br>• Разликува и правилно применува конкретни и апстрактни именки во јазичен контекст.<br>• Формира граматички точни реченици со употреба на конкретни и апстрактни именки.<br>• Ги препознава и разликува именките според граматичките категории род и број.<br>• Јазично точно ги применува именките според нивниот род и број во усна и писмена комуникација.<br>• Препознава и разликува искази со членувани и нечленувани именки, применувајќи ги правилно во комуникација.<br>• Разликува и правилно употребува форми за обична и избројана множина кај именките.<br>• Препознава и разликува описни придавки во различен јазичен контекст.<br>• Препознава и разликува заменски придавки и нивната употреба во реченица.<br>• Јасно ги разликува членуваните и нечленуваните форми на придавките. |

| | |
|---|---|
| Видови придавки - описни придавки и заменски присвојни придавки<br>*Примери:*<br>*Најновата претстава ќе се прикажува во Хрватска.*<br>*Во инспиративната збирка на Ајше песните се посветени на љубовта, на прекрасната природата, на кратките патувања.*<br>Граматичка категорија определеност кај придавките<br>*Примери:*<br>*Мојот предлог беше прифатен од Училишниот одбор. Литературниот конкурс се организира во училиштетото наспроти споменикот.*<br>Лични заменки : Показни заменки (тој, таа, тоа, тие; овој, оваа, ова, овие; оној, онаа, она, оние)<br>Употреба во соодветно лице, број, вид и време Глаголи од свршен и несвршен вид<br>Сегашно време<br>*Пример:*<br>*Учениците прашаа кога е крајот на претставата.*<br>Минато определено свршено време<br>*Пример:*<br>*Тоа не се поклопи со нејзиното мислење.*<br>*Иван го прочита известувањето за хакатонот.*<br>Минато определено несвршено време<br>*Пример:*<br>*Дефне не сакаше да пие час од брусница.*<br>Идно време<br>*Пример:*<br>*Ќе ја известам директорката за моето отсуство од часот.* | • Препознава и правилно употребува лични заменки според лице, род и број, како и нивните форми и показни заменки во усна и писмена комуникација. |

| | |
|---|---|
| Значење и употреба на сврзниците за поврзување на делови од реченицата и на едноставни дел-реченици<br>*Примери:*<br><br>*Јас кажав дека таа книга не е добра.*<br>*Уметноста има големо влијание врз човечката природа и врз неговото ментално здравје.*<br>• **Синтакса**<br>Употреба на зборовни изрази од придавка и именка (именска група): *празен простор; креативна страница; ликовна уметност.* | |
| **Читање и пишување**<br><br>• Читање со разбирање текстови од различни функционални стилови<br>• Пишување кратки текстови | • • Чита со правилен изговор на гласовите, правилно зборовно акцентирање и правилна реченична интонција.<br>• Чита нови зборови, дијалози и кратки текстови.<br>• Одговара на прашања поврзани со слушнат и/или прочитан текст.<br>• Ја определува главната идеја во слушнат и/или прочитан текст.<br>• Ја прераскажува содржината на краток текст со позната лексика и со позната граматичка структура.<br>• Изведува едноставни заклучоци од прочитани текстови со информативен карактер и со позната лексичка и граматичка структура.<br>• Точно пополнува  кратки формулари.<br>• Пишува едноставен текст на дадена тема.<br>• Правилно употребува голема буква кога пишува имиња, презимиња и прекари, имиња на жители села, на градови, уметници, културни установи,  уметнички имиња, имиња на уметнички ликови, театарски претстави.<br>• Правилно користи точка, прашалник и извичник, запирка, две точки, три точки, наводници, црта кога пишува самостојно. |

**Примери за активности**

**Индивидуални активности:** Учениците самостојно пишуваат покана за литературно читање.

**Квизови:** Учениците, поделени во мали групи, се натпреваруваат на квиз со прашања од типот „Именувај го авторот на сликата“ од лексичките единици на „Јазикот на уметноста“.

**Креативна активност:** Учениците, поделени во групи, изработуваат стрип или сличен визуелен материјал на тема поврзана со предизвиците на младите. Преку оваа активност, учениците практично ја применуваат научената лексика и јазичните структури, користејќи правилен вокабулар, синтакса и граматика во пишаните искази на стрипот. Тие формулираат јасни и кохерентни реченици во репликите и наративниот дел, внимавајќи на соодветната употреба на глаголските времиња, придавките и заменките. Процесот вклучува тимска соработка, планирање на сценарио и графичко претставување на содржината, што поттикнува креативно размислување и визуелно раскажување. На крајот, учениците ги презентираат своите стрипови пред класот, притоа развивајќи ја својата способност за јасно и граматички точно усно изразување. Оваа активност го комбинира јазичното учење со креативноста, овозможувајќи им на учениците да истражуваат современи младински теми преку интерактивен и ангажиран пристап.

**Практична активност:** Учениците ги препознаваат и поправаат грешките во даден текст со намерни грешки (со примена категоријата определеност кај именките и кај придавките.)

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ

Наставниците во гимназиското образование поттикнуваат инклузивност преку обезбедување активно вклучување на сите ученици во наставните активности. Соодветно ги адаптираат методите на работа за да одговараат на различните когнитивни и емоционални потреби на учениците, користејќи пристапи како индивидуализација, диференцијација, тимска работа и соученичка поддршка. При работа со ученици со попреченост, наставниците применуваат индивидуални образовни планови кои вклучуваат прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување и овозможуваат дополнителна поддршка од образовни асистенти, медијатори, тутори-волонтери и професионалци од ресурсните центри.

Редовното следење на напредокот на учениците, особено оние од ранливите групи, е од суштинско значење. Наставниците навремено ги идентификуваат евентуалните тешкотии и обезбедува насоки за нивно надминување, притоа создавајќи поддржувачка средина за постигнување на резултатите од учењето. Овој пристап не само што ги поттикнува академските постигнувања, туку и ја гради самодовербата на учениците и нивното чувство на припадност.

Во промовирањето на родова рамноправност, наставниците внимаваат да не се поттикнуваат стереотипни родови улоги при организирање на активностите. При формирањето групи за работа или доделувањето задачи, наставниците обезбедуваат рамнотежа помеѓу момчињата и девојчињата, додека при користењето примери, текстови и илустрации ја поддржуваат родовата сензитивност и ги поттикнуваат учениците да ги надминат родовите стереотипи. Наставниот процес е осмислен така што родовата еднаквост и етничката/културната сензитивност се природен дел од сите активности, особено преку користење, секаде каде што е можно, материјали и содржини кои промовираат интеркултурализам и меѓуетничка интеграција.

Наставниците ги воведуваат учениците во различни културни перспективи преку активности кои промовираат почитување на различностите во сите можни ситуации. Ова им овозможува на учениците да развијат свест за интеркултурно разбирање и соработка, што е основа за создавање и развој на кохезивно, хармонично општество.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот континуирано ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите, учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел, наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашањата поставени од наставникот поврзани со сите теми и апекти во темата: лексика, јазични функции и граматички структури претворени во комуникациски контекст;
- индивидуални активности како што се работа врз текст и негова анализа, работа врз наставно или работно ливче;
- учество во разговори поврзани со активности за читање со разбирање;
- учество во квизови, асоцијации, натпревари во групи на часот и слично;
- презентации на различни теми поврзани со различни теми и аспекти од програмата;
- учество во практични активности, симулации и драматизации;
- изработени говори на одредени теми кои се застапени/поврзани со програмата;
- домашните задачи;
- учество и ангажираност во активности, дискусии, тимска работа;
- учество во креативни активности.

По завршувањето на учењето на секоја тема, ученикот добива бројчана сумативна оценка врз основа на постигнатите стандарди за оценување. Сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатите на тестовите на знаење и оценката за напредокот, констатиран преку различни техники на формативно оценување. Во текот и на крајот од учебната година ученикот добива бројчани оценки.

Оценувањето на постигнувањата се врши врз основа на стандардите за оценување, при што се нагласува постигнатиот напредок во владеењето на јазикот, а не недостатоците. Вреднувањето на ученичкиот напредок со бројчана сумативна оценка се спроведува по завршувањето на секоја тема, на крајот на полугодието и учебната година.

Од вкупниот број оценки, две ќе бидат базирани на писмени работи, додека останатите ќе се формираат врз основа на усни одговори, учество во комуникативни активности, домашни задачи, индивидуални и групни проекти и тестови.

Оценувањето е составен дел од наставниот процес и не треба да се разликува од редовните активности на час. Проверката на знаењето не подразбира издвојување на учениците при усната проверка, туку е интегрирана во текот на наставата.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2025/2026 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/2020), министерката за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Македонски јазик за учениците од другите заедници* за I (прва) година гимназиско образование.** | бр. 13-5306/15<br>3.4.2025 година<br><br>Министерка за образование и наука,<br>проф. д-р Весна Јаневска, с.р.<br><br>______________________________ |